# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД


| СЛУЖБЕН ГЛАСНИК НА ОПШТИНА ОХРИД ИЗЛЕГУВА ПО ПОТРЕБА | О Х Р И Д<br>11.02.2021 год.<br>БРОЈ 2 ГОДИНА 56 |
|---|---|


## С О Д Р Ж И Н А


| Реден број | Име на одлука | Страна |
|---|---|---|
| 1. | Одлука за прифаќање на донација и пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ Братство Единство“ – Охрид. | 2 |

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа („Сл.весник на РМ“ бр.5/02) и член 95 од Статутот на општина Охрид („Сл.гласник на општина Охрид“ бр.8/07, 01/08, 10/10, 05/11, 09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), градоначалникот на Општина Охрид го донесе следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА ПРОГЛАСУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА (ТАБЛЕТИ) НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ООУ "БРАТСТВО ЕДИНСТВО" – ОХРИД**

**СЕ ПРОГЛАСУВА** Одлуката за пренесување на правото на користење на компјутерска опрема (таблети) на општина Охрид за потребите на ООУ "Братство Единство" – Охрид**,** што ја донесе Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2021 година.

**Број 09-1296/4** **ОПШТИНА ОХРИД**
**10.02.2021 год.** **Градоначалник**
**О х р и д** **д-р Константин Георгиески,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 10 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ“ бр.5/02) и член 18 став 1 точка 10 од Статутот на општина Охрид („Службен гласник на општина Охрид“ бр.08/07, 01/08,10/10, 05/11,09/14, 14/14, 10/19 и 15/20), Советот на општина Охрид на седницата одржана на ден 10.02.2021 година ја донесе следната:

**О Д Л У К А**
**ЗА ПРИФАЌАЊЕ НА ДОНАЦИЈА И ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА КОРИСТЕЊЕ НА КОМПЈУТЕРСКА ОПРЕМА (ТАБЛЕТИ) НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ООУ "БРАТСТВО ЕДИНСТВО" – ОХРИД**

**Член 1**

Со оваа Одлука се прифаќа донацијата на компјутерска опрема (таблети) согласно договорот за давање на трајно користење на движни ствари бр. 09-694/1 од 26.01.2021 год. Давател на донацијата е А. Д. "МАКПЕТРОЛ" – Скопје.

Донацијата се состои од:

**- Таблети марка Lenovo M8 (TB-8505F), количина 52 парчиња.**

**Член 2**

Наведената донација од член 1 на оваа Одлука се отстапува на трајно користење на ООУ „Братство Единство“ – Охрид, наменета за учениците поради реализација на наставно – образовниот процес се со цел придонесување кон развојот и унапредувањето на образованието во РСМ.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Охрид“.

**Број 08-1296/3**
**10.02.2021 год.**
**О х р и д**

**СОВЕТ НА ОПШТИНА ОХРИД**
**Претседател**
**Живка Ангелоска,с.р.**